**УДК 316.472.3-058.57(497.7)**

**ФИЛИПОВА, Марија[1]**

# ПРОЦЕСОТ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈА И РЕИНТЕГРАЦИЈА НА ПРЕТХОДНО ОСУДЕНИ ЛИЦА

**Апстракт**

Во овој труд се дава осврт на факторите кои влијаат на ресоцијализација, третманот во функција на ресоцијализација и образованието, стручното оспособување и работата во функција на ресоцијализација. Улогата на превоспитниот третман во процесот на ресоцијализација и социјална интеграција која се разгледува низ призмата на видовите на превоспитниот третман е во фокусот на овој труд. Преку овој труд се испитуваат факторите кои влијаат на успешната реинтеграција во општеството, како што се социјалната поддршка, образованието, вработувањето и слично. Трудот исто така ги идентификува пречките со кои се соочуваат овие лица, како што се стигмата, ограничените можности и недостатокот на соодветни програми за ресоцијализација.

Го анализираме прифатот на осудените лица каде акцентот е ставен на подготовка на социјална интеграција во општеството, видовите на постпенална помош на осудени лица во Република Северна Македонија и социјалната интеграција на осудени лица.

Целта на овој труд е да се истражи влијанието на факторите кои влијаат на ресоцијализација на поранешните осуденици во Република Северна Македонија. Во изработката користевме квалитативен пристап кој овозможува длабинско разбирање на искуствата и ставовите на осудениците. Оваа работа/истражување ја истражува ресоцијализацијата на осудениците за време и по затворската казна преку анализа на предизвиците и можностите со кои се соочуваат поранешните затвореници при нивното повторно интегрирање во општеството. Заклучоците укажуваат на важноста на комплексниот пристап кој вклучува мултидисциплинарна соработка, индивидуализирани планови за ресоцијализација и долгорочна поддршка за успешна реинтеграција на претходно осудените лица во заедницата.

***Клучни зборови:*** *ресоцијализација, затвореник, затворска казна, општество*

**UDK 316.472.3-058.57(497.7)**

**FILIPOVA Marija[2]**

# THE PROCESS OF RESOCIALIZATION AND REINTEGRATION OF FORMERLY CONVICTED

**Abstract**

This thesis examines the factors influencing resocialization, treatment for resocialization purposes, and education, vocational training, and employment in the context of resocialization. The role of correctional treatment in the process of resocialization and social integration, examined through the prism of various types of correctional treatment, is the focus of this thesis. This research investigates the factors influencing successful reintegration into society, such as social support, education, employment, and others. The thesis also identifies

[1] Студент на втор циклус на студии, Правен факултет, Универзитет „Гоце Делчев, Штип“, Северна Македонија , e-mail: marija.207697@student.ugd.edu.mk

[2] Student at the second cycle, Faculty of Law, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia ; e-mail: marija.207697@student.ugd.edu.mk

the obstacles faced by these individuals, such as stigma, limited opportunities, and the lack of adequate resocialization programs.

The acceptance of convicted persons is analyzed, with a particular emphasis on preparing for social integration into society, types of post-penal assistance for convicted persons in the Republic of North Macedonia, and the social integration of convicted persons. The aim of this thesis is to investigate the impact of factors influencing the resocialization of former convicts in the Republic of North Macedonia.

A qualitative approach was used in the research, allowing for an in-depth understanding of the experiences and attitudes of the convicts. This thesis explores the resocialization of convicts during and after their prison sentence by analyzing the challenges and opportunities faced by former prisoners when reintegrating into society.

The conclusions highlight the importance of a complex approach involving multidisciplinary cooperation, individualized resocialization plans, and long-term support for the successful reintegration of previously convicted individuals into the community.

***Keywords**: resocialization, prisoner, prison sentence, society*

## ВОВЕД

Проблематиката на ресоцијализација на лица кои претходно се осудени претставува сложен и мултидимензионален феномен со значајни импликации за општеството. Реинтеграцијата на овие лица во заедницата е процес кој бара комплексен и интегриран пристап со цел да се овозможи нивно успешно вклучување во сите сфери на општествениот живот и да се спречи повторна криминална активност.

Во Република Северна Македонија, како и во многу други земји, ресоцијализацијата на осудените лица претставува актуелен и предизвикувачки проблем. И покрај тоа што постојат различни програми и иницијативи кои се насочени кон олеснување на овој процес, сепак успешната реинтеграција останува голем предизвик. Многу фактори влијаат на успешноста на ресоцијализацијата како што се видот на кривичното дело, должноста на затворската казна, личните карактеристики на осуденото лице, поддршката на семејството и заедницата како и достапноста и квалитетот на програмите за ресоцијализација.

Целта на ова истражување е да се анализираат факторите кои влијаат на можноста за ресоцијализација на лица кои претходно се осудени во Република Северна Македонија. Во првиот дел на трудот е претставен теоретска рамка на ресоцијализација со акцент на дефиниции, концепти и модели.

Во вториот дел е претставен преглед на законодавството и политиката во областа на ресоцијализација во Република Северна Македонија согласно Законот за извршување на санкции. На крајот од трудот се дадени заклучоци и предлози за подобрување на процесот на ресоцијализација. Ова истражување има за цел да даде придонес во разбирањето на процесот на ресоцијализација на осудените лица во Република Северна Македонија.

### Теориски пристап кон проблемот на истражување

### Дефинирање на проблемот и основните поими

Казната затвор претставува кривична санкција со која се лишува лицето од слобода на движење за определен временски период, а се извршува во специјализирани казнено-поправни установи. Историскиот развој на затворот како институција се врзува за 17-тиот и 18-тиот век, кога овој модел го заменил претходниот систем на казнување, воведувајќи задолжителна работа, строг надзор и колективно сместување (Foucault, 1977; Spierenburg, 1991). Со текот на времето, овој модел претрпел низа модификации со цел хуманизација и унапредување на третманот (Јовчева, 2014).

Социјалната интеграција е извонредно широк поим кој што опфаќа пристап до сите општествени групи на чие што општествено вклучување треба да се работи. Според UNRISD (United Nations Research Institute for Social Development) постојат најмалку три различни насоки за сфаќање на концептот за социјална интеграција.

- За некои, таа подразбира еднакви можности и права за сите луѓе што резултира со подобрување на човечките животни можности.
- За други, зголемувањето и работата на интеграцијата имаат негативна конотација, односно даваат слика на непосакувано наметнување на униформирање.
- Трети пак, не се определуваат ниту за позитивна, ниту за негативна конотација, туку сметат како социјалната интеграција е начин на опишување на утврдените (посакувани или непосакувани) обрасци за човечкото однесување во секое друштво (Јовчева, 2014)

Во контекст на пенологијата, ресоцијализацијата го означува процесот на вклопување на поранешно осуденото лице во општествената целина, со што се овозможува негово хармонично функционирање и развој на личниот и групниот идентитет (Kovač, 2009).

Главната цел на затворската казна, покрај ретрибуцијата, е да се спречи рецидивизмот и да се овозможи успешна реинтеграција на осуденото лице по издржувањето на казната (Јовановска, 2007). Во правниот поредок на Република Северна Македонија, овој процес е нормиран со Законот за извршување на санкциите, кој ги уредува правата на осудените лица и обврските на државата. Оваа анализа се фокусира токму на предизвиците во ресоцијализацијата на осудениците, како за време на издржувањето на казната, така и во периодот по отпуштањето на слобода.

## Ресоцијализација

Ресоцијализацијата претставува суштински процес во третманот на осудени лица, со цел нивна успешна интеграција во општеството и за нејзино успешно остварување неопходна е активност на повеќе органи (Мујоска Трпевска & Лажетиќ, 2025). Овој процес не се сведува само на апстиненција од криминално однесување, туку подразбира комплексна промена во личноста, остварена преку научно проверени методи и третмани, односно ги повикува националните власти да ги преземат сите неопходни чекори за да обезбедат образовни, културни и спортски активности на овие лица (Груевска-Дракулевски, 2014). Според Панчев (2022), успешната реинтеграција бара мултидисциплинарен пристап кој ги вклучува правосудните, здравствените и социјалните служби, со цел да се трансформираат антисоцијалните ставови и да се развијат социјални вештини кај поединецот.

Клучен аспект во овој процес е неговата системска природа. Ресоцијализацијата не започнува случајно, туку се планира уште на самиот почеток на издржувањето на казната, врз основа на детална индивидуална проценка на потребите, ризиците и потенцијалите за промена на осуденото лице. Ваквиот пристап опфаќа комбинација од формално образование, работно ангажирање и психолошка поддршка, со цел да се обезбеди одржлива подготовка за живот на слобода.

Покрај инструменталната цел (намалување на рецидивизмот), ресоцијализацијата е нераскинливо поврзана со заштитата на човековите права. Почитувањето на достоинството, хуманите услови и фер третманот на осудените лица се фундамент без кој не е можна суштинска промена на личноста. Оттука, ресоцијализацијата се дефинира како повеќедимензионален процес на мерки и активности насочени кон оспособување на поединецот за почитување на општествените норми и вредности, при што индивидуализираниот третман останува најсигурниот пат кон постигнување на целите на казната.

## Цели на ресоцијализацијата

Процесот на ресоцијализација претставува институционална и вонзаводска интервенција насочена кон подготовка на осуденото лице за законит живот по

отпуштањето од установата. „Основните цели на овој процес се интегрирани во законската рамка која го дефинира третманот на осудениците како процес на оспособување за општествена интеграција и поттикнување на одговорно однесување согласно правниот поредок (Закон за извршување на санкциите).

Главната цел на ресоцијализацијата е развој на одговорност, критичко размислување и конструктивни навики кај осудените лица. Преку работни активности, образовни програми и психолошка поддршка, се овозможува надминување на криминалниот идентитет и изградување на нова перспектива за осуденото лице којашто ќе треба да ја следи по напуштање на установата. Социјалната адаптација, од друга страна, претставува линк помеѓу индивидуата и општествените норми и вредности. Без ресоцијализација, адаптацијата би била механичка и површна, често завршувајќи со повторен рецидивизам (Мујоска Трпевска & Лажетиќ, 2025)

Оттука, ресоцијализацијата не треба да се третира како формална обврска, туку како динамичен процес што започнува уште при изрекување на санкцијата. Индивидуалниот пристап, проактивните програми и подготвеноста на општеството да прифати поранешни осудени лица се клучни за трајна социјална адаптација и законит живот на слобода по напуштање на установата. Ресоцијализацијата не е цел сама за себе туку претставува мост кон социјалната интеграција, каде личноста повторно добива вредност, припадност и можност за достоинствен живот.

Постпеналната фаза претставува крајниот тест за ефикасноста на претходно спроведениот третман. Успехот на ресоцијализацијата не завршува со излегувањето од казнено-поправната установа; напротив, тој се потврдува преку успешна адаптација на поранешниот осуденик во социјалната средина, при што поддршката за социјално прифаќање станува клучен фактор за одржлив живот без вршење нови кривични дела.

**Фактори, состојби и нивното влијание врз процесот на ресоцијализација на поранешно осудени лица**

| ФАКТОР / ПОКАЗАТЕЛ | СОСТОЈБА / НАОД | ВЛИЈАНИЕ НА РЕСОЦИЈАЛИЗАЦИЈАТА | ИЗВОР / ПЕРИОД | СТАТУС |
|---|---|---|---|---|
| **Образование во затвор** | не е воспоставен редовен образовен процес | Недостигот на образование зголемува ризик од рецидивизам | Мујоска Трпевска & Лажетиќ, 2025; | Проблематично |
| **Стручна обука и работно ангажирање** | Осудени лица во установата може да вршат работи од областа на земјоделство - то, сточарството, работи во работилници (одржување на зелените површини, одржување на хигиената во | Работно ангажирање се смета за клучен фактор за ресоцијализација | Груевска Дракулевски, 2024; | Делумно |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | службените простории..) | | | |
| **Пробациска служба** | Нецелосно воспоставени пробациски канцеларии; недостиг на пробациски службеници; мал број изречени пробациски мерки | Слабата пробација директно влијае на зголемување на рецидивизмот | Државен завод за ревизија, фев. 2025; | Проблематично |
| **Постпенална помош** | Низок процент на искористеност на постпенална помош по отпуштање; идентификуван значаен јаз во системот | Недостигот на постпенална поддршка е главен предизвикувач на рецидивизам | Државен завод за ревизија, фев. 2025; | Проблематично |
| **Вработување по отпуштање** | Тешкотии при вработување на поранешни осудени лица; стигма кај работодавачи е идентификуван бариера | Невработеноста значително го зголемува ризикот од повторно извршување кривични дела | Mathlin, 2022; | Висок ризик |
| **Затворска пренатрупаност** | 101 затвореник на 100 места (умерена пренатрупаност); | Пренатрупаноста ги намалува ефектите на третманот и рехабилитацијата | Совет на Европа, јул 2025; | Умерено |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Македонија четврта во регионот по број на затвореници | | | |
| **Надзор и инспекција на КПУ** | Во периодот 2021–2024 не е извршен редовен надзор над сите установи; слаба систематска контрола | Отсуство на надзор го намалува квалитетот на третманот и ресоцијализацијата | Државен завод за ревизија, фев. 2025; | Проблематично |
| **Психолошка и социјална поддршка** | Недостиг на стручни лица (психолози, социјални работници) во КПУ; ограничен пристап до третмански програми | Недостигот на психолошка поддршка го зголемува ризикот по отпуштање | Mathlin, 2022; | Проблематично |
| **Стигма и дискриминација** | Широко распространета стигма во општеството и кај работодавачи; значајна пречка за реинтеграција | Стигмата директно ја отежнува социјалната и економска реинтеграција | Mathlin, 2022; | Висок ризик |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Правна рамка и стратегии** | Закон за пробација (2015); Стратегија за развој на пробациска служба 2021–2025; EU/IPA финансирани проекти за реинтеграција | Постои правна основа, но имплементацијата останува слаба | Хелсиншки комитет, 2023; | Постои рамка |

**Третман во функција на ресоцијализација**

Третманот во функција на ресоцијализација е клучен за успешното враќање на осудените лица во општеството како одговорни граѓани. Тој се базира на индивидуален пристап и вклучува активности и програми кои ги подобруваат психолошките, социјалните, образовните и професионалните аспекти на осудените лица.

**Индивидуална проценка и план**

Процесот на ресоцијализација започнува со детална индивидуална проценка на осуденото лице, што претставува законска обврска. Целта на оваа фаза е идентификација на потребите, ризиците од рецидив и капацитетите на личноста за промена. Согласно одредбите од ЗИС, по приемот во установата, осуденото лице се упатува во приемно одделение каде мултидисциплинарен стручен тим (составен од психолог, педагог, социјален работник и други специјалисти) врши сеопфатна психолошка, социјална и безбедносна проценка врз основа на која се изготвува индивидуална програма за третман (Закон за извршување на санкциите). Современите теории за пенологија, како што наведуваат Ward и Maruna (2007), потенцираат дека проценката не смее да биде само фокус на „ризикот“, туку мора да ги идентификува и т.н. „основни човечки добра“ (Good Lives Model), односно потенцијалите на личноста кои ја поттикнуваат реинтеграцијата.

**Креирање на индивидуален план за третман**

Врз основа на извршената проценка, се изработува индивидуална програма за постапување со осуденото лице која ги дефинира специфичните цели, методите на работа и динамиката на реализација. Овој документ, изготвен согласно законските процедури, претставува „водич“ за третманскиот процес (Закон за извршување на санкциите). Како што истакнуваат Hollin и Palmer (2006), успешните програми за третман се оние кои се индивидуално приспособени, се фокусираат на когнитивно-бихевиорални техники и се евалуираат во реално време. Индивидуалниот план вклучува краткорочни цели (прилагодување на затворскиот режим) и долгорочни цели (подготовка за отпуштање), при што, согласно законските одредби, се врши периодична ревизија и ажурирање на програмата за да се осигура нејзината ефикасност и приспособливост кон развојот на осуденото лице.

**Образование и професионални програми**

Образованието и стручното оспособување се клучни столбови во третманот. Осудените лица имаат пристап до формално образование и професионални обуки во рамките на установата или преку соработка со надворешни образовни институции. Овие програми, покрај стекнувањето вештини, придонесуваат кон развој на дисциплина и одговорност, што е директно условено со можноста за полесно вработување по отпуштањето.

**Психолошка и социјална поддршка**

Третманот вклучува психотерапија (индивидуална и групна) насочена кон справување со емоционалните дефицити и криминалното однесување. Користењето на когнитивно-бихевиорални интервенции е стандард во модерните пенолошки системи, бидејќи тие директно работат на модификација на ставовите кои водат кон деликвенција (Стојановски, 2005).

**Видови третман на осудени лица**

Според Глава XI (Третман на осудените лица) од Законот за извршување на санкциите, процесот на ресоцијализација се реализира преку систем на воспитни мерки и активности кои се интегрирани во индивидуалната програма за постапување со осуденото лице, со цел негово оспособување за општествена интеграција и превенција од рецидив (Закон за извршување на санкциите). Во рамките на оваа глава, третманот опфаќа организиран работен ангажман, кој се планира согласно психофизичките способности на лицето и е лишен од елементи на понижување, потоа образовни активности и стручно оспособување за стекнување вештини за вработување, како и културно-просветни и спортски содржини кои служат за исполнување на слободното време, одржување на физичкото и менталното здравје и развој на социјално прифатливи модели на однесување, сè со цел подготовка на осуденото лице за законит живот по отпуштањето од установата.

**Ефикасност на програмата за ресоцијализација во Република Северна Македонија**

Рецидивизмот останува клучен предизвик во напорите за ефикасна ресоцијализација и реинтеграција на поранешните осудени лица (Мујоска Трпевска & Лажетиќ, 2025). Овој тренд е евидентен и во Република Северна Македонија, каде што статистичките податоци покажуваат висок процент на повратници, што недвосмислено укажува на потребата од понатамошна евалуација и унапредување на третманските програми.

Затворот не ги остварува очекуваните позитивни ефекти во однос на ресоцијализација и социјална адаптација. (Груевска-Дракулевски, 2014).

Знаеме дека лицето кое е веќе осудено, е осудено за сторено кривично дело кое не било во склад со законските норми и откако ќе се издржи казната за тоа, на некој начин веќе го има издржано својот долг кон заедницата. Но, недостиг на помош откако ќе излезе од затвор е еден вид на повторна казна за него, бидејќи во ситуација кога државата има создадено постпенална стратегија за овие лица, а таа од разни причини не се спроведува, тие се препуштени сами на себе.

Кај голем дел, станува збор за лица кои потекнуваат од социјално ранливи категории на групи, кои се соочувале со тешкотии да функционираат во општеството и тоа било причина за тие да се најдат во казнените евиденции. Па така, откако ќе ја издржат казната всушност без постоење на постпенална грижа и заштита, осуденото лице повторно се враќа во првобитната позиција, дури можеби и во полоша позиција бидејќи е етикетирано од општеството како „бивш затвореник“ и повторно се наоѓа во позиција каде што лесно може да ја премине границата за пак да се најде од другата страна, односно зад решетките. Лицата кои имаат проблеми во прифаќање на програмата за третман во затворот, кои се конфликтни, агресивни, импулсивни и се наоѓаат во стадиум каде емотивниот развој е несозреан или е во процес на созревање, кај кои таа нивна одлука била главен поттикнувачки фактор за тие да се најдат во затвор, во текот на издржување на казната, кај нив само се засилуваат конфликтните црти за да кога ќе излезат надвор од затворската средина, доколку не им се задоволени основните потреби, тие за релативно кратко време прават повторно кривично дело и тоа со повисок степен на опасност, односно истите тие лица сега веќе се поопасни за околината, но и за околината во затворската средина.

**Помош и поддршка по отпуштање според Законот за извршување на санкции**

Законот за извршување на санкциите на Република Северна Македонија (Закон за извршување на санкциите) претставува правен акт кој го регулира извршувањето на кривичните санкции, односно начинот на кој се издржуваат казни за извршени кривични дела. Овој закон ги дефинира правата и обврските на осудените лица, како и процедурите кои следат во затворите и други установи за извршување на санкциите.

Законот дефинира различни видови казни кои можат да се издржуваат, како што се лишување од слобода односно казна затвор, парична казна и други. Законот ја нагласува важноста на ресоцијализацијата на осудените лица, со цел да се овозможи нивна успешна реинтеграција во општеството. Законот гарантира одредени права на осудените лица како што се правото на лекување, образование, на работа и правото на комуникација со надворешниот свет.

Во Глава XVIII од Законот за извршување на санкции член 258 (1) Помошта по отпуштањето претставува збир на мерки и постапки што се применуваат заради вклучување на отпуштените осудени лица во животот на слобода, а се состои од: обезбедување на сместување и исхрана, обезбедување на лекување, совети за изборот на живеалиштето, односно престојувалиштето, усогласување на семејните односи, пронаоѓање на вработување, довршување на стручното оспособување, давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби, како и други облици на помош и поддршка.

Согласно член 258, став 2 од Законот за извршување на санкциите, пред отпуштањето на осуденото лице на кое му е потребна помош по излегувањето на слобода, казнено-поправната установа најдоцна пет дена пред денот на отпуштањето го известува центарот за социјални работи, според местото на живеалиште или престојувалиште на осуденото лице. Во известувањето се наведува денот на отпуштањето и видот на помошта неопходна за негово успешно вклучување во општествената заедница (Закон за извршување на санкциите). Дополнително, согласно член 259 од истиот закон, по отпуштањето од установата, осуденото лице пуштено на условен отпуст може да се обрати до пробацискиот службеник заради добивање соодветна помош и поддршка при реинтеграцијата (Закон за извршување на санкциите, чл. 259).

**Постпенална поддршка на осудени лица во Република Северна Македонија**

По извршувањето на казната, осудените лица продолжуваат да добиваат поддршка од социјални работници и други институции.

Помошта по отпуштањето претставува збир на мерки и постапки што се применуваат заради вклучување на отпуштените осудени лица во животот на слобода, а се состои од: обезбедување сместување и исхрана, обезбедување лекување, совети за изборот на живеалиштето, односно престојувалиштето, усогласување на семејните односи, пронаоѓање вработување, довршување на стручното оспособување, давање парична помош за покривање на најнеопходните потреби, како и други облици на помош и поддршка (Закон за извршување на санкциите, чл. 258).

Подготовката на осуденото лице за постпеналниот период се врши од страна на службените лица од секторот за ресоцијализација и пробациската служба, а по потреба и од надворешните соработници, како и социјални работници од центрите за социјална работа (Мујоска Трпевска & Лажетиќ, 2025).

Правилата на Нелсон Мандела и ревидираните Стандардни минимални правила за постапување со затворениците посветуваат значително внимание на важноста на постпеналната помош за успешна реинтеграција на поединците во општеството. Така, во правилото 87 од Правилата на Нелсон Мандела се истакнува дека пред истекот на затворската казна пожелно е да се преземат неопходни чекори за да му се обезбеди на затвореникот постепено враќање на животот во општеството. Понатаму, во правилото 90 се истакнува дека должноста на општеството не завршува со отпуштањето на затвореникот на слобода.

Постпеналната помош претставува есенцијален елемент на реинтеграцијата, дизајниран да го олесни транзитот на осуденото лице од казнено-поправната установа

назад во општествената заедница. Овој концепт е институционално втемелен во современата правна рамка на Република Северна Македонија преку Законот за извршување на санкциите (Службен весник на РСМ, бр. 99/19 со последователни измени и дополнувања, вклучително и измените од 2026 година). За разлика од историските концепти од средината на XX век, современиот систем ја нагласува мултидисциплинарната соработка помеѓу казнено-поправните установи, центрите за социјални работи и пробациската служба. Целта е преку соодветно планирање на отпуштањето и континуирана поддршка, да се обезбеди психо-социјална и материјална помош за лицата кои ја отслужиле казната, со што се превенира повторното вршење на кривични дела и се олеснува нивното успешно прифаќање во средината.

Според Законот за извршување на санкциите (ЗИС), постпеналната помош по издржаната казна затвор претставува збир на мерки и процедури насочени кон успешна реинтеграција на отпуштените лица во општествената заедница. Овие мерки, дефинирани во законската рамка, вклучуваат:

- Обезбедување привремено сместување и исхрана;
- Обезбедување на потребен социјален и здравствен третман;
- Советување при избор на место на живеење;
- Помош при стабилизирање на семејните односи;
- Посредување при наоѓање вработување;
- Финансиска помош за покривање на основните егзистенцијални потреби;

Други форми на социјална поддршка (Закон за извршување на санкциите).

Значаен сегмент во овој процес е и децентрализираниот пристап преку соработка со заедницата. Законот отвора простор за вклучување на надворешни чинители, како што се невладиниот сектор и менторските мрежи, кои преку доброволни активности и програми за поддршка ја градат неопходната социјална мрежа уште пред денот на отпуштањето. Ваквиот интегриран модел е одлучувачки за спречување на социјалната изолација на осудените лица и за нивното успешно враќање во општеството како функционални и одговорни поединци.

## ЗАКЛУЧОК

За да се подобри процесот на ресоцијализација, потребно е континуирано вложување во развој на програми, обука на персонал, како и во зајакнување на соработката меѓу сите релевантни институции.

Оваа задача не е лесна бидејќи вклучува справување со длабоко вкоренети траги и проблеми кои ги соочуваат осудените лица и нивната способност да се реинтегрираат во општеството. Индивидуалната проценка и планот за третман играат клучна улога во успешната ресоцијализација. Тие овозможуваат персонализиран пристап кон секое осудено лице, земајќи ги предвид нивните специфични потреби, способности и ризици. Преку структурирана и систематска проценка, може да се креира план кој ќе ги дефинира активностите за време на издржувањето на казната. Подготовката за реинтеграција е исто така клучен аспект на ресоцијализацијата. Ова вклучува професионални обуки, образовни програми, психолошка и социјална поддршка како и различни форми на помош од заедницата.

Овие програми и активности помагаат осудените лица да се стекнат со нови вештини, да се справат со психолошките проблеми и со емоционалните предизвици и да се подготват  за нормален живот по ослободувањето. Успешната ресоцијализација не е само за доброто на осудените лица, туку и за доброто на општеството како целина. Кога осудените лица се подготвени да се реинтегрираат и да придонесуваат позитивно во своите заедници, тоа води до намалување на повторното вршење на кривични дела и подобрување на безбедноста и благосостојбата на сите граѓани. Како заклучок од овој труд е тоа дека се јавува потреба од инвестирање во ефективни програми за ресоцијализација и реинтеграција  бидејќи се од витално значење. Овие програми треба да бидат засновани на научни истражувања и најдобри практики, да бидат добро

финансирани и да добијат поддршка од сите релевантни институции и организации. Само на овој начин можат да се постигнат целите на ресоцијализација.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

Груевска-Дракулевски, А. (2014). Извршување на мерката притвор во притворските одделенија на затворите во Република Македонија: Положбата на притворените лица во Република Македонија de jure и de facto, преземено на 8 мај 2026 одhttp://www.maclc.mk/Upload/Documents/Gruevska%20Drakulevski%20Aleksandra.pdf.

Груевска Дракулевски, А. (2024): Работата како облик на третман во насока на остварување успешна ресоцијализација и реинтеграција на осудените лица. Македонско пенолошко друштво, Скопје, преземено на 11 мај 2026 од https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2025/10/Rabotata-kako-oblik-na-tretman-vo-nasoka-na-ostvaruvanje-upesna-resocijalizacija-i-reintegracija-na-sudenite-lica.pdf.

Државен завод за ревизија. (2025). Конечен ревизорски извештај за извршена ревизија на успешност на тема „Реформа на пенитенцијарниот систем“, Преземено на 8 мај 2026 од https://dzr.mk/sites/default/files/202504/68_RU_Reforma_penitencijaren_sistem_KOMPLET_2024.pdf.

Закон за извршување на санкциите, „Службен весник на Република Македонија“ бр. 99/2019, 220/2019, 236/2022, 255/2024 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 258/2025 и измени од 2026 година.

Јовчева, А. (2014): Социјална интеграција на поранешно осудени лица. Магистерски труд, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, Скопје, преземено на 8 мај 2026 од ile:///C:/Users/User/Downloads/ajovceva2014.pdf.

Македонско здружение на млади правници. (2025). Патот кон ресоцијализација и интеграција: Аналитичка студија за улогата на институциите, политиките и заедницата во враќањето на осудените лица во општеството, преземено на 8 мај 2026 од https://myla.org.mk/wp-content/uploads/2025/10/Patot-kon-resocijalizacija-i-integracija-Analiticka-studija-za-ulogata-na-institutciite-politikite-i-zaednicta-vo-vrakanjeto-na-osudenite-lica-vo-opstestvoto.pdf.

Мијоска Трпевска, Е., & Лажетиќ, Г. (2025). Патот кон ресоцијализација и реинтеграција: Аналитичка студија за улогата на институциите, политиките и заедницата во враќањето на осудените лица во општеството. Скопје: Македонско пенолошко друштво, преземено на 10 мај 2026 https://msp.mk/wp-content/uploads/2026/01/Patot-kon-resocijalizacija-i-integracija-Analiticka-studija-za-ulogata-na-institutciite-politikite-i-zaednicta-vo-vrakanjeto-na-osudenite-lica-vo-opstestvoto.pdf.

Панчев, З. (2022). Теоретско-методолошки пристап и имплементација на модел на индивидуална криминална превенција [Докторска дисертација, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола]. Архива на Факултетот за безбедност.

Совет на Европа. (2025, јули). SPACE I – Годишен статистички извештај на Советот на Европа за затворската популација за 2024 година. Совет на Европа и Универзитет во Лозана.

Стојановски, Г. (2005). Пенологија. Скопје: Магор.

The United Nations Standard Minimum Rules for the Treatment of Prisoners (the Nelson Mandela Rules) General Assembly resolution 70/175, annex, adopted on 17 December 2015, преземено на 10 мај 2026 од https://www.unodc.org/documents/justice-andprison-reform/GA-RESOLUTION/E_ebook.pdf.

Хелсиншки комитет за човекови права. (2023). *Извештај за состојбите и условите во казнено-поправните установи во 2023 година*, преземено на 8 мај 2026 од https://mhc.org.mk/reports/izveshtaj-za-sostojbite-i-uslovite-vo-kazneno-popravnite-ustanovi-vo-2023-godina/.

Foucault, M. (1977). *Discipline and punish: The birth of the prison* (A. Sheridan, Trans.). Pantheon Books.

Hollin, C. R., & Palmer, E. J. (2006). Offending Behaviour Programmes: Development, Application, and Controversies. Chichester: Wiley.

Kovač, A. (2009). Resocijalizacija osuđenih lica. Zagreb: Pravni fakultet.

Камбовски, В. (2010) Криминална политика и ресоцијализација. Скопје: МАНУ, 2010.

Mathlin, G. (2022). Predictors of recidivism and the role of social support: A longitudinal study of formerly incarcerated individuals. *Journal of Experimental Criminology*, *18*(4), 855–878, преземено на 6 мај 2026 од https://doi.org/10.1007/s11292-022-09547-5.

Spierenburg, P. (1991). The prison experience: Disciplinary institutions and their inmates in early modern Europe. Rutgers University Press.

Ward, T., & Maruna, S. (2007). Rehabilitation: Beyond the Risk Paradigm. London: Routledg